# МОЈОТ ХЕРАЛДИЧКИ ПАТ

Јован Јоновски

Моето хералдичко патување опфаќа повеќе од 30 години, барем во активната фаза. Ги поминав сите четири фази на хералдички интерес, од препознавање насликани штитови како нешто привлечно, до академско истражување и создавање грбови (Јоновски 2019, 106). Моето прво изложување на хералдиката почна во моето рано детство. Моето семејство потекнува од регионот на Преспа во Егејска Македонија, кои беа бегалци од Граѓанската војна во Грција (1946 - 1949). Тие се најдоа во Полска, каде што моите родители се венчаа, а во 1968 г. дојдоа во Скопје (Јоновски 2023), каде што практично немаше хералдика. Моите баба и дедо по мајка останаа во Полска, и таму ги поминував летата во раното детство, опкружен со хералдика, особено територијална, аплицирана на многу предмети, па дури и предмети како карти за играње (сл. 1). Собирав налепници со грбот на Полска од различни периоди и значки со грбови на градови (сл. 2). Подоцна, и баба ми и дедо ми се преселија во Скопје, па така патувањата во Полска во посета на роднини и пријатели стануваа сѐ ретки. Полека почнав да ја заборавам љубовта од раното детство.



Сл./Fig. 1




Сл./Fig. 2

## ПОВТОРНО ОТКРИВАЊЕ НА ХЕРАЛДИКАТА 1994 - 2000

Некаде 15 години подоцна, во 1994 година, започнав со теолошки студии во Будимпешта и во хералдички богат контекст, повторно се појави мојот интерес за шарените штитови, во нејзината прва фаза, свесноста за хералдиката (Јоновски 2019, 106). Враќајќи се дома, дознав за единствената книга со грбови во Македонија, од Александар Матковски, Грбови на Македонија (Матковски 1990). Сликите од книгата почнаа да се појавуваат

# MY HERALDIC JOURNEY

Jovan Jonovski

My heraldic journey spans over 30 years, at least the active phase. It went through all four phases of heraldic interest, from recognizing the painted shield as something amazing, to academic research and creating arms (Јоновски 2019, 106). My first exposure to heraldry began during my early childhood. My family comes from the Prespa region in Aegean Macedonia, and were refugees of the Greek Civil War (1946-1949). They ended up in Poland, where my parents got married, and in 1968 came to Skopje, Yugoslav Republic of Macedonia (Jonovski 2023), where there was virtually no heraldry at all. My maternal grandparents stayed in Poland, where I used to spend the summers of my early childhood surrounded by heraldry, especially Civic heraldry, applied on many objects and even items like playing cards (Fig. 1). I was collecting stickers with Polish coats of arms for different periods and pins with the Coat of arms of towns (Fig. 2). Later, my maternal grandparents also moved to Skopje, so the trips to Poland to visit relatives and friends become scarce. Slowly, I forget about my early childhood pastime.

## REDISCOVERING HERALDRY 1994-2000

Some 15 years later in 1994 I started my theological studies in Budapest, and in a heraldry-rich context, my interest in the colorful shields arose again in its first phase, awareness of heraldry (Јоновски 2019, 106). Coming home I became aware of the only book about coats of arms in Macedonia, *Coats of Arms of Macedonia* by Aleksandar Matkovski (Матковски 1990). Images from the book started to appear on calendars, t-shirts,

на календари, маици итн. Мојот интерес за хералдиката почна да се засилува следната година, за време на моите студии во Лондон во 1995 г. (сл. 3). Таму ја купив првата книга за хералдика. Како сиромашен студент, можев да си ја дозволам само најевтината, стара, користена. Тоа беше Хералдика, од Ј.С. Милбурн (Milbourne 1950) (сл. 4). Од тој момент, мојот интерес за хералдиката почна да станува сè посистематски.

Во следните години, интернетот почна полека да станува подостапен во Македонија, барем на универзитетите, каде што ја имав мојата прва имејл-адреса. Успеав да се приклучам на групата за вести rec.heraldry, кога првпат стапив во контакт со други заинтересирани за хералдика од целиот свет. Бидејќи во тоа време работев како почетник графички дизајнер, сакав да објавам веб-страница со грбовите на Македонија од книгата на Матковски. Во 1999 г. ги завршив студиите во Будимпешта, каде продолжи изложеноста на хералдика (сл. 5). Кон крајот на годината, почнав да работам како инструктор за графички дизајн, вклучувајќи го и MS FrontPage, една од првите кориснички програми за дизајн на веб-страници. Првата страница Хералдиката во Македонија ја дизајнирав со апстрактот од гореспоменатата книга, на англиски и македонски јазик и неколку грбови од книгата (сл. 6).


Сл./Fig. 3



Сл./Fig. 4


Сл./Fig. 5

etc. My interest in heraldry flourished the following year, during my studies in London in 1995 (Fig. 3). There I bought my first book on heraldry. Being a poor student, I could afford only the cheapest, an old used one. It was *Heraldry*, by J.S. Milbourne (Milbourne 1950) (Fig. 4). From that point on, my interest in heraldry started to get increasingly systematic.

In the following years, the internet started slowly to become more accessible in Macedonia, at least at the universities, where I got my first email address. I was able to join the newsgroup rec.heraldry, when I first got in contact with others interested in heraldry from around the world. As I was working as a rudimentary graphic designer at the time, I wanted to publish a webpage with the Coat of arms of Macedonia from Matkovski's book. In 1999, I completed my studies in Budapest, where my exposure to heraldry continued (Fig. 5). Later that year, I started working as an instructor for graphic design, including Microsoft FrontPage, one of the first user-friendly programs for web page design. I designed my first page, Heraldry in Macedonia, with the abstract from the aforementioned book in English and Macedonian, and several arms from the book (Fig. 6).

## ОРГАНИЗИРАНО ХЕРАЛДИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ 2001 - 2007

Преку страницата го запознав Саша Јанковиќ од Република Српска, во Босна и Херцеговина. Тој беше хералдички ентузијаст и ми кажа за Српското хералдичко друштво „Бел орел“, и двајцата отидовме во Белград да се сретнеме со претседателот Драгомир Ацовиќ и аплициравме за членство (сл. 7). Во 2001 г.



Сл./Fig. 6

## ORGANIZED HERALDIC JOURNEY 2001-2007

Through the page, I met Sasha Jankovic from the Republic of Srpska, in Bosnia and Hercegovina. He was also a heraldic enthusiast and he told me about the Serbian Heraldic Society "White Eagle." We both went to Belgrade to meet President Dragomir Acovic and applied for

бевме примени за членство, а преку Саша стапив во контакт и со Здружението на аматерски хералди (IAAH), виртуелно друштво кое постои на интернет. Се вклучив во различни проекти со IAAH, како што се исцртување на емблазони според текстуални блазони или креирање грбови за луѓе. Ова се покажа како одлично искуство за учење и во теоретската и во практичната хералдика, под раководство на Мелвин Џеремаја, долгогодишниот секретар на Хералдичкото друштво во Лондон. Исто така, почнав да купувам книги од Амазон, што беше исклучително предизвикувачка работа бидејќи немавме кредитни картички во тоа време. Прва беше *Хералдика: Нејзиното потекло и значење* од Мишел Пастуро (Pastoureau 1997).



Сл./Fig. 7

Мојата веб-страница *Хералдиката во Македонија* порасна и вклучуваше и грбови на општини, лични грбови што ги креирав за луѓе поврзани со Македонија, како и страници за теоретска хералдика. Постепено, околу оваа веб-страница се собра група заинтересирани луѓе. Во тоа време, интернетот не беше толку широко достапен и беше многу скап во Македонија, па прво ме контактираа луѓе од странство. Подоцна Македонци кои живеат или студираат во странство. Првиот беше Дарко Ангелов, кој студираше во Холандија. Првиот којшто лично го запознав беше Снежана Филипова. Имаше радиоемисија за грбот на Македонија и на крајот се спомена нејзиното име како консултант за емисијата. Така, се распрашав и дознав дека таа е асистент на Институтот за историја на уметност.

На почетокот на 2003 г. се формира мала виртуелна група на луѓе во Македонија. Еден од нив беше мојот близок пријател Сашо Спасоски, новинар во првиот приватен весник „Дневник“, а на 18 февруари 2003 г. објави статија за веб-страницата (сл. 8). Ова предизвика дополнителен интерес и многу брзо се одржа средба на заинтересираните. Тие беа со многу скромно хералдичко знаење, но со љубов кон светот на симболите. Во тоа време ра-



ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 18 ФЕВРУАРИ 2003

МАКЕДОНСКИ ВЕБ-СТРАНИЦИ

**Грбови од Македонија на Интернет на првата хералдичка страница**

**Веб-страницата „Хералдика во Македонија“ е дело на Македонец - ентузијаст кој се занимава со хералдика и е член на неколку меѓународни хералдички здруженија**

САШО СПАСОСКИ

На Интернет повеќе од две години постои единствената македонска страница посветена на хералдиката - дисциплината што се занимава со грбовите. На страницата на адресата http://heraldry.mol.com.mk, посетителите може да се информираат за основите на хералдиката и за состојбата со грбовите во Македонија.

Страницата „Хералдика во Македонија" е дело на Македонец, ентузијаст, кој се заинтересирал за хералдиката во деведесеттите години на минатиот век, при својот престој во Велика Британија, земја со богата хералдичка традиција и оттогаш предано ја проучува оваа историска дисциплина.

- Оваа страница е обид за популаризација на хералдиката во Македонија. Во него се опфатени грбови што се користат во Македонија или се поврзани со неа, но и информации за хералдиката воопшто - објаснува Јован Јоновски. Тој е член на повеќе меѓународни и национални хералдички здруженија и иницијатор за создавање македонско хералдичко здружение, кое е во фаза на формирање.



Страницата за приватните македонски грбови

Јоновски на страницата, која е на македонски и на англиски јазик, покрај почетни информации за хералдиката, поставил и четири грба што ги изработил за заинтересирани поединци и еден што го изработил за фирма, а особено внимание му посветува и на традиционалниот грб на Македонија, златниот лав на црвено поле. На страницата се прикажани и грбовите на некои града и општини во Македонија и неколку врски до странски хералдички веб-страници.

Сл./Fig. 8

membership (Fig. 7). In 2001, we were accepted for membership, and through Sasha I also contacted the International Association of Amateur Heralds, a virtual society that existed on the internet. I got engaged with different projects with IAAH, like emblazoning text-based blazons or creating Arms for people. This proved to be a great learning experience in both theoretical and practical heraldry, under Melwyn Jeremiah, the long-standing secretary of the Heraldry Society in London. Also, I started buying books from Amazon which was an extremely challenging thing to do as we did not have credit cards at the time. First was Michel Pastoureau's *Heraldry: Its Origins and Meaning* (Pastoureau 1997).

My website, *Heraldry in Macedonia* grew to include coats of arms of the municipalities, personal arms I created for people connected to Macedonia, as well as pages on theoretical heraldry. Gradually, around this site, a group of interested people gathered. At the time, the internet was not so widely available and was utterly expensive in Macedonia, so first I was contacted by people from abroad. Later, Macedonians living or studying abroad. The very first was Darko Angelov, who studied in Holland. The first I met in person was Snezhana Filipova. There was a radio broadcast about the coat of arms of Macedonia and at the end, her name was mentioned as a consultant for that broadcast. So, I asked around and found out she was an assistant at the Institute of Art History.

At the beginning of 2003, a small virtual group of people in Macedonia formed. One of them was my close friend Sasho Spasoski, a journalist at the first privately-owned newspaper *Dnevnik*, and on 18 February 2003 he published an article about my website (Fig. 8). This sparked additional interest and very soon a meeting in person took place. The interested infact had a very modest heraldic knowledge but with love for

ботев како компјутерски графичар во „Агенс“, кој изработуваше печати, плакети, значки, медали и слично, така што стекнував непроценливо искуство во дизајнирање и производство на беџови, значки, знамиња и слично. Правев и реплики на историски печати. На 15 јули 2003 г., Македонското хералдичко здружение (МХЗ) беше основано за да ја подигне хералдичката свест преку популаризација на хералдиката, истражување на хералдичкото наследство во и поврзано со Македонија, дизајнирање грбови, знамиња, одликувања и воспоставување хералдички регистар. За претседател и хералд бев избран јас, м-р Снежана Филипова за потпретседател, а за секретар Петар Гајдов. Преку Снежана запознав луѓе во Музејот на Македонија, Кирил Трајковски и Лена Анѓелкоска, кои беа значајни за натамошниот развој на хералдиката преку нивните позиции и контакти во музејот.

Веб-страницата *Хералдика на Македонија* собра и заинтересирани за хералдика од Бугарија, кои не се познаваа меѓу себе. Меѓу првите беа Стојан Антонов и Пламен Цветков. Така, ги споделив нивните контакти, но и идејата за основање Бугарско хералдичко друштво. Ја туркав идејата додека конечно не беше основано Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво (БХВО). Ме замолија да бидам еден од основачите, но поради сложените односи меѓу Македонија и Бугарија избрав да бидам само почесен член. Се сретнав лично со бугарските колеги дури на нивното основачко собрание во Софија во 2004 г. (сл. 9). Присуствував на речиси сите нивни Годишни собранија. Ја дизајнирав и ја одржував нивната веб-страница неколку години.

Истата година конечно запознав некои од меѓународните пријатели по интернет хералдика. Прво, во мај во Скопје, предавање одржа Анджеј Воцијал од Франција за француските општински грбови, што беше прва активност на МХЗ (сл. 10). Потоа, во ноември, го посетив Хауард Дерек во Брисел, Белгија. Таму првпат во животот видов и допрев

the world of symbols. I was working as a computer graphics designer at a graphic studio *Agens* which made stamps, plaques, pins, medals, etc., so I was gaining invaluable experience in designing and producing badges, pins, flags, and similar. I also was making replicas of historical stamps. On July 15, 2003, the Macedonian Heraldry Society (MHS) was founded to raise heraldic awareness through the popularization of heraldry, research of heraldic heritage in and related to Macedonia, designing coats of arms, flags, decorations, and establishing a heraldic register. I was elected as president and herald, Snezhana Filipova MA, as vice president, and Petar Gajdov as secretary. Through Snezhana, I met people at the Museum of Macedonia, Kiril Trajkovski and Lena Angjelkoska, who were important for the further development of heraldry through their contacts at the museum.



Сл./Fig. 9

The website *Heraldry of Macedonia* also gathered interested people in heraldry from Bulgaria, who did not know each other. Among the first were Stoyan Antonov and Plamen Cvetkov. So, I shared their contacts but also the idea of starting the Bulgarian Heraldry Society. I also pushed the idea until finally the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society (BHVO) was established. I was asked to be one of the founding members, but due to the uneasy relationships between Macedonia and Bulgaria, I chose to be only an honorary member. I met Bulgarian colleagues in person only at their founding Assembly in Sofia, Bulgaria in 2004 (Fig 9). I attended nearly all of their Annual Assemblies. I also designed and ran their website for several years.



Сл./Fig. 10

The same year I finally met some of my international internet heraldry friends. First, in May in Skopje we hosted a lecture by Andrzej Wocial, from France on the French municipal arms, which was the first activity of the MHS (Fig. 10). Then in November, I visited Howard Derek in Brussels,

неколку оригинални англиски матрикули и некои многу стари хералдички книги. Дерек го посочи припишаниот грб на Македон, принцот од Ематија, што го поттикна мојот интерес за грбовите поврзани со Македонија од вонилирската хералдика (сл. 11).



Сл./Fig. 11

Во следната 2005 г., првата активност на МХЗ се случи на 18 мај, Меѓународниот ден на музеите во Музејот на Македонија (сл. 12). Беа одржани две предавања, моето прво предавање дотогаш за хералдика, а другото беше на Снежана Филипова. Беше промовиран првиот број на „Македонски хералд“. На 16 црно-бели А4 страници, со мојот прв популарен информативен текст за припишаните грбови на Македон, принцот од Ематија.


Сл./Fig. 12

Првото присуство на телевизија беше на прес-конференција како одговор на владиниот предлог за употреба на знамињата на националностите во 2005 г. МХЗ изготви предлог за минимални промени (диференцирање) на знамињата на домицилните земји со кои ќе се покаже припадноста на малцинството, но и идентитетот на носителот на суверенитетот на Република Македонија. (сл. 13). Оттогаш следуваа многу написи во весниците, како и гостување на телевизија во разни информативни и дебатни емисии. Главните луѓе кои презентираа хералдички теми, а со тоа и популаризирајќи го МХЗ во медиумите беа членовите Сашо Спасоски и Иван Блажевски, кои тогаш беа новинари во дневниот весник „Дневник“. Главна тема беше фактот што Република Македонија немаше грб (немаше закон за грб). Беше барано главно да зборувам за хералдиката, која во Македонија се сфаќаше само преку земскиот грб на Македонија, откриен од Матковски, со лавот и прашањето за сегашниот државен амблем. Мојата колекција на книги



Сл./Fig. 13

Belgium. There for the first time in my life, I saw and touched several original English letters of patent and some very old heraldic books. Derek pointed out the attributed arms of Macedon, prince of Emathia, which sparked my interest in the coats of arms connected to Macedonia from the non-Illyrian heraldry (Fig. 11).

In the following 2005, the first activity by the MHS happened on the 18 of May, the International Museum Day at the Museum of Macedonia (Fig. 12). Two lectures were delivered, my first lecture ever on heraldry and the other by Snezhana Filipova. The first issue of the *Macedonian Herald* was promoted. It was 16 black and white A4 pages, with my first popular informative text about the attributed arms of Macedon, prince of Emathia.

My first presence on TV was at a press conference in response to the government's proposal for the use of flags of the nationalities in 2005. MHS produced a proposal for minimal changes (differentiation) of the flags of the domicile countries which would show the belonging of the minority, but also the identity of the bearer of the sovereignty of the Republic of Macedonia (Fig. 13). From then on, many articles in the newspapers followed, as well as an appearance on television in various informative and debate shows. The main people presenting heraldic themes and thus the MHS in the media were members, Sasho Spasoski and Ivan Blazhevski, who were at that time journalists in the daily newspaper *Dnevnik*. The main topic was the fact that the Republic of Macedonia had no coat of arms (there was no law on the coat of arms). I was asked to mainly talk about heraldry, which in Macedonia was perceived only through the historical coat of arms of Macedonia, discovered by Matkovski, with the lion and the question regarding the

се зголемуваше со книги од Amazon.com, главно преку познајници кои ги носеа книгите од САД.

Состаноците на МХЗ беа повеќе можност за дружење и со скромна размена на информации за симболите и основната хералдика. Полека почнаа да ме прифаќаат како експерт по хералдика, заедно со МХЗ. Прво, Град Скопје ни се обрати во 2006 г. за хералдизација на грбот на Град Скопје, но без промена на Статутот на градот, поради политички причини. Се консултирав со мојот пријател, руски хералдичар од Германија, Александар Куров, кој интервенираше во емблазонот, со хералдичката уметност. Сепак, не беше добиена повратна информација од Град Скопје (Jonovski 2013).

Преку интернет се запознав со Жељко Хајмер од Загреб, Хрватска, автор на веб-страницата *Знамиња и грбови на модерната ера* и имавме многу дискусии, и инсистирав тој да формира друштво. Го споделив моето искуство со организирање на МХЗ и БХВО. Во 2006 г. летав во Загреб на Основачкото собрание на Хрватското хералдичко-вексилолошко друштво и станав нивен член (сл. 14). Се разви професионална соработка и пријателски односи, при што присуствував на неколку нивни средби и тие организираа неколку мои предавања за македонската хералдика во Загреб.

Лобирав мојата Општина Бутел да добие хералдички грб. Многупати разговарав со различни власти. Дури во 2007 г. имаше јавен конкурс за грб, за кој беше ветено дека ќе биде хералдички, но не ме контактираа кога почна постапката. Еден од членовите на Советот на Општината, мој сосед, ми го покажа цртежот прифатен од Комисијата за избор за грбот и знамето на Општината, кој подоцна требаше да биде презентиран пред Советот на Општината за усвојување. Цртежот беше фотошоп copy-paste на различни слики во облик на штит. Протестирав и работев со градската администрација барем да се обидам да го хералдизирам емблазонот. Предложив неколку хералдички верзии, но не беа прифатливи за администрацијата, бидејќи беа далеку од вистинскиот предлог. На мое незадоволство го направив последниот цртеж. И покрај сите напори, Советот на Општината сме-



Сл./Fig. 14

current State emblem. My book collection grew with books from Amazon.com, mostly through acquaintances bringing the books from the USA.

MHS meetings were used as an opportunity to socialize, and with modest exchange of information about symbols and basic heraldry. Slowly, I was being seen as an expert in heraldry, together with MHS. First, we were approached by the City of Skopje in 2006 for the heraldisation of the current coat of arms of the City of Skopje, but without changing the Statute of the city due to political reasons. I was consulting my friend, a Russian heraldic artist from Germany Alex Kurov, who intervened in the emblazon to be done in heraldic art. However, no feedback was received from the City of Skopje (Jonovski 2013).

I met online with Željko Heimer from Zagreb, Croatia, author of web page *Flags and Arms of the Modern Era* and we had many discussions, and I insisted he form a society. I shared my experience with organizing MHS and BHVO. In 2006 I flew to Zagreb for the Establishing Assembly of the Croatian Heraldic and Vexillological Association and became a member (Fig. 14). Professional cooperation and friendly relations were developed, and I attended several of their meetings and they organized several of my lectures on Macedonian heraldry in Zagreb.

I lobbied that my Municipality of Butel, acquire a heraldic coat of arms. Many times, I spoke to different authorities. Only in 2007, there was a public competition for a coat of arms, that was promised to be heraldic, but I was not contacted once the procedure started. One of the members of the Municipality Council, my next-door neighbor, showed me the drawing accepted by the Commission on the public bid for the Coat of arms and flag of the Municipality, which was later going to be presented before the Municipal Council for adoption. The drawing was a Photoshop copy-paste of different images in the shape of a shield. I protested and worked with the city administration to at least attempt to heraldize the proposal. I proposed several heraldic versions but they were not acceptable for the administration, since

таше дека е доволно компетентен да одлучува за оваа тема и од мене беше побарано да ја напуштам седницата на Советот. Огорчен, побарав да ми се вратат фајловите и тие да не се користат. За жал, Општината го користи мојот емблазон без да се соопшти кој е автор. Емблазонот не е добар, бидејќи не е добра хералдика, и ги прикажува моите првични фази како хералдичар, во тоа време имав дизајнирано само неколку грбови за пријатели. Поважно ми беше да му угодам на подносителот отколку да бидам построг со хералдиката. Така, мојот статус како прифатен експерт за хералдика кој треба да за слуша само што почна да се зголемува.

Истата 2007 г., членката на МХЗ Лена Анѓелкоска која работеше во одделот за едукација во Музејот на Македонија, ме покани да одржам предавања и работилници по хералдика со средношколци од неколку приватни училишта во Музејот. Одржав слични предавања и работилници со други групи на многу различни локации (сл. 15).

Четири години од почетокот во 2003 г., потпретседателката, веќе д-р, Снежана Филипова имаше сè попрофесионален ангажман во образованието, додека преостанатите членови на МХЗ беа само аматери, ниту блиску до историјата, а во тоа време хералдиката се гледаше само како помошна историска наука. На годишното собрание во 2007 г., таа ја одби позицијата на потпретседател и полека се повлече од здружението. Нејзиното место го заседе Кирил Трајковски, археолог од Музејот на Македонија. Тој имаше многу скромни познавања од хералдиката, но неговиот весел карактер се покажа како особено важен за време на превирањата во кои ќе влезе МНЗ по неколку години.

На Меѓународниот ден на музеите во 2007 г., повторно во Музејот на Македонија одржав предавање, а беше промовиран вториот број на „Македонски хералд“. Повторно на 16 страници, но овој пат во боја и со 200 примероци. Првите два броја беа од информативен карактер. Тие всушност беа формирани околу веќе објавената статија на Снежана Филипова, која ја преполовив за двата броја, со други кратки написи.



Сл./Fig. 15

they were far from the actual proposal. To my dissatisfaction, I made the final drawing. Despite all the efforts, the Council of the municipality felt that it was competent enough to decide on this topic and I was asked to leave the Council session. Aggravated, I asked for my files to be returned and not to be used. Unfortunately, the municipality uses my emblazon unattributed. The emblazon is not so good, since it is not good heraldry, and shows my earlier stages as a heraldist. At the time I only had designed a handful of coats of arms for friends. To please the petitioner was more important to me than to be stricter with the heraldry. So my status as an accepted expert in heraldry was just starting to increase.

In the same 2007, MHS member Lena Angjelkoska who was working in the educational department at the Museum of Macedonia, invited me to hold lectures and workshops on heraldry with high school students from different private schools at the Museum. I held similar lectures and workshops with other groups at many different locations (Fig. 15).

Four years from the beginning of the MHS in 2003, vice president Snezhana Filipova, already a PhD, was having increasingly professional engagement with education. The rest of the members were only amateurs. At this time, heraldry was viewed only as an auxiliary historical science. At the General Assembly in 2007, she declined the position of Vice president and slowly withdrew from the society. Her place was taken by Kiril Trajkovski, an archeologist from the Museum of Macedonia. He had a very modest knowledge of heraldry, but his cheerful character proved to be particularly important during the turmoil that MHS would enter in a few years.

On the 2007 International Museum Day, again at the Museum of Macedonia, I held a lecture, and the second issue of the Macedonian Herald was promoted. It was again on 16 pages but in color with 200 copies printed. The first two issues were of informative character. They were actually formed around an already published article by Snezhana Filipova that I cut in half for the two issues and other short articles.

The same year I submitted a proposal for

Истата година испратив предлог за грб на Македонската православна црква. Грбот се споменува во првиот Устав на МПЦ, од 6 октомври 1958 г., но не беше јасно и недвосмислено дефиниран и никогаш не бил соодветно прикажан. Во него беше утврдено дека црквата на штитот е „Свети Климент Охридски“ во Охрид, но бидејќи таа била урната низ историјата, моштите на свети Климент се наоѓаа во црквата „Пресвета Богородица-Перивлепта“ која всушност била прикажана на грбот. Неконзистентноста во грбот на МПЦ се зголеми особено по возобновувањето на црквата „Свети Климент“ на Плаошник, Охрид, во 2002 г.. Но, не добив одговор.

Во овој период ги напишав првите написи од информативен карактер. Моите хералдички активности беа во фаза 2 (Јоновски 2019, 106). Во овој период имав креирано само неколку грбови.

## СООЧУВАЊЕ СО ХЕРАЛДИКАТА КАКО НАУКА 2008 - 2012

Во 2008 г. отидов во Нови Сад на магистерски студии на Протестантскиот теолошки факултет, а еден од предметите беше Хералдика и иконографија, кај професорот Иван Балта, хералдир од Хрватска. Како дел од испитот, требаше да напишам труд за грбот на Македонија, што беше мојот прв академски труд за хералдика (сл. 16). Порано скромните пишувања беа од информативен и популарен карактер. За време на моите студии во Нови Сад, имав многу посети на Српското хералдичко друштво „Белиот орел“. Нивниот претседател и главен хералд, Драгомир Ацовиќ, ја претстави својата книга „Хералдиката и Србите“ на Саемот на книгата во Белград во ноември 2008 г. (Ацовић 2008). Ова грандиозно дело, кое содржи преку 800 страници и над 2.600 илустрации, е најобемното и најсериозното хералдичко дело во регионов и пошироко. Самиот Ацовиќ пред сè е фалерист, а потоа и хералдист. И повеќето од она што го научив за фалеристиката е од него лично и неговите пишувања. Исто така, научив многу од него и се консултирав за многу нешта од хералдиката.


RAZVOJ MAKEDONSKOG GRBA SA HERALDIČKIM OBRAZLOŽENJEM

Rad prezentiran
Prof. Dr. Ivan Balta
Protestantsko teološki fakultet Novi Sad

Rad za ispit:
Heraldika

Jovan Jonovski
Maj 2008

**Сл./Fig. 16**

Истата година беше првото искуство како хе-

the Coat of Arms of the Macedonian Orthodox Church. A coat of arms is mentioned in the first Constitution of the MOC, from October 6, 1958, but was not clearly and unambiguously defined, and never properly displayed. It defined that the church depicted on the shield was St. “Clement of Ohrid” in Ohrid, but since it had been demolished, the relics of St. Clement were placed in the church of “Most Holy Theotokos -Perivleptas” which was actually depicted on the arms. The inconsistency in the Coat of Arms of the MOC has increased especially after the restoration of St. Clement’s Church on Plaosnik, Ohrid in 2002. However no answer to my submission was received.

In this period, I wrote my first articles of informative character. My heraldic activities were at stage 2 (Јоновски 2019, 106) this period, as I had created just a handful of coats of arms.

## ENGAGING WITH HERALDRY AS A SCIENCE 2008 -2012

In 2008 I went to Novi Sad to do a master‘s thesis at the Protestant Theology Faculty, and one of the subjects was heraldry and iconography with Professor Ivan Balta, a heraldrist. As a part of the exam, I had to author a paper on the coat of arms of Macedonia, which was my first academic paper on heraldry (Fig. 16). Previously my modest writings were of an informative and popular character. During my studies in Novi Sad, I made many visits to the Serbian Heraldic Society “White Eagle.” Their president and chief herald, Dragomir Acovic, presented his book “Heraldry and the Serbs” at the book fair in Belgrade in November 2008 (Ацовић 2008). This grandiose work, which contains over 800 pages and over 2,600 illustrations, is the most serious heraldic work in this region and beyond. Acovic himself was first a phalerist and then a heraldist. And most of what I learned about phaleristics is from him personally and his writings. Also, I learned a lot from him and consulted him on many heraldic and phalersitics matters.

That same year was my first experience as a heraldic expert to be invited to analyze the three

ралдички експерт да бидам поканет да ги анализирам трите предлози за грбот на Општина Крива Паланка. Комисијата за утврдување грб и знаме на Општината избра од пристигнатите предлози на конкурсот.

Со заложба на членот на МХЗ, Иван Блажевски, предлогот за грбот на МПЦ повторно беше претставен пред архиепископот и повеќе владици. Тие се договорија за потребата од промена на блазонот за грбот. Но, промена на Уставната најпрво требаше да го измени името на црквата, Македонска православна црква со додавање - Охридска архиепископија. Ова наиде на огромно противење во јавноста, која ова го сфати како чекор кон губење на името Македонска. Така, не беа усвоени никакви промени.

Во Музејот на Македонија, моите предавања и работилници продолжија со проектот на Лена Анѓелкоска „Чудесниот свет на хералдиката“. Но, се одржаа неколку предавања на други експерти од регионот. Прво беше мојот драг пријател д-р Стојан Антонов од Пловдив (Бугарија), претседател на БХВО и мој главен консултант за многу хералдички прашања. Потоа проф. д-р Воислав Иванишевиќ од Белград (Србија), кој има објавено статија за артефакти со грбови во средновековна Србија (сл. 17). Следен беше проф. д-р Никос Чаусидис од Скопје, кој беше еден од ретките во Македонија кој во тоа време пишуваше на симболи. Исто така, мојот драг професор од Нови Сад, проф. д-р Иван Балта од Осиек, (Хрватска). Неговите магистерски и докторски трудови се од областа на хералдиката и тој е автор на неколку општински грбови во Хрватска.



Сл./Fig. 17

Соработката со Музејот на Македонија доведе до тоа да бидам главен советник во собирањето и изборот на материјалот за новата постојана поставка на хералдиката и вексилологијата во Македонија во Музејот на Македонија (сл. 18). Изложбата беше отворена на 12 март 2009 г., кога одржав предавање и го



Сл./Fig. 18

proposals for the coat of arms of the municipality of Kriva Palanka. The Commission for determining the coat of arms and the flag of the municipality chose from the received proposals at the competition.

With the efforts of the member of MHS Ivan Blazhevski, the proposal for the Coat of arms of MOC again was presented to the Archbishop and several Bishops. They agreed about the coat of arms and the need to change the blazon of the arms. But the Constitutional change was first to amend the name of the church, Macedonian Orthodox Church adding - Archbishopric of Ohrid. This faced fearsome opposition from the public, which perceived this as a step toward losing the name Macedonia. So, no changes were introduced.

In the Museum of Macedonia, my lectures and workshops continued with Lena Angelkoshka’s project „The Wonderful World of Heradry“. But also, I held several lectures from other experts from the region. First was a lecture by my dear friend Dr. Stoyan Antonov from Plovdiv (Bulgaria), president of BHVO, and my main consultant on many heraldic matters. Then they held a lecture by Prof. Dr. Vojislav Ivanisevic from Belgrade (Serbia), who had published an article about artifacts with the coat of arms in medieval Serbia (Fig. 17). Next was one by Prof. Dr. Nikos Causidis from Skopje, who was the only one at that time writing on symbols. Additionally there was a lecture by my dear professor from Novi Sad, Prof. Dr. Ivan Balta from Osijek, (Croatia). His master‘s and PhD thesis are both on heraldry and he is the author of number of the Municipal arms in Croatia.

My cooperation with the Museum of Macedonia led to me being the main advisor in collecting and selecting the material for the new permanent exhibition of heraldry and vexillology in Macedonia at the Museum of Macedonia (Fig. 18). The exhibition was opened on 12 March 2009, when I presented a lecture and promoted the 3rd issue of the Macedonian

промовирав третиот број на „Македонски хералд“. Третиот број содржеше оригинална работа, мојот прв научен труд за хералдиката на Македонија, врз основа на семинарската работа за испитот по Хералдика во Нови Сад. Продолжив да бидам главен и технички уредник, за преводот на англиски, и што е најважно, да ги поттикнувам другите членови да пишуваат кратки написи за да можеме да ги промовираме како автори. Ова бараше многу труд од моја страна, бидејќи повеќето од нив никогаш не пишувале статии, дури и кратки и информативни. „Македонски хералд“ почна да се издава секоја година.

Истата година се одржаа изборите за претседател на Република Македонија, а победи Ѓорге Иванов. Шеф на неговиот кабинетот беше Дарко Ангелов, еден од првите кој беше привлечен од мојата веб-страница Хералдиката во Македонија. Тој беше еден од првите членови на друштвото, но изгубивме контакт. Тој ме повика и разговаравме за симболот на кабинетот на претседателот. Јас предложив грб место само симбол.

